**Барање 23-1984/1**

1.За која цел на ден 21/04/2021 од сметката на Општината се исплатени 1,100,000 денари под контото 464990 други трансфери?

**Одговор 23-1984/2**

1. Од сметката на Општина Кавадарци се исплатени 1.100,000,00 ден. на сметка на Македонската Православна Црква –Охридска Архиепископија Скопје, како дел од финансиските средства, определени за давање на донација ,врз основа на Одлука бр.08-888/4 од 17.02.2021 година за уредување на партерно-дворно место на Полошкиот манастир св.Вмч Георги, заради остварување, унапредување, промоција и подршка на дејностите од јавен интерес, уредување на просторот, развојот на граѓанското општество, согласно член 22 став 1 т.1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/2002).

Овој објект кој се наоѓа на подрачјето на Општина Кавадарци се смета за културно наследство ,односно се вбројува во евиденцијата на Регистарот на културно наследство на Управата за заштита на културното наследство на Македонија.

Во прилог ви доставувам копија од Одлука бр.08-888/4 од 17.02.2021 година.